## *РЕФЕРАТ*

## *ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАСТАВНИК ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ ЕВРОПСКА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ЕСРА – Париз-Скопје-Њујорк*

Согласно одлуката на Наставно-уметничкиот совет на Факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА – Париз-Скопје-Њујорк бр. 03-530 (6) од 07. 09. 2010 година за избор на м-р Мишо Нетковски во звањето наставник, Комисијата во состав: проф. д-р Тодор Чепреганов, редовен профессор, проф. д-р Јордан Пановски, вонреден професор и м-р Сашо Павловски, доцент го поднесува следниов,

## *ИЗВЕШТАЈ*

**Биографски податоци**

Мишо Нетковски е роден на 14 март 1950 година во Скопје, Република Македонија. Основното и средното образование ги завршува во Скопје. Филозофскиот факултет, група историја завршил во 1978 година во Скопје.

Последипломските студии успешно ги завршил во 1981 година. Во 2009 година го одбранил магистерскиот труд: *„Документарно-историската збирка при МТВ"* во Институтот за национална историја.

Вработен е како новинар во МТВ од 1974 година (новинар, уредник на репортажно документарни емисии, одговорен уредник на документарна програма, извршен уредник во прв програмски сервис) и има изработено повеќе од 400 документарни проекти, од кои 120 од областа на историографијата.

За својата дејност е наградувам на повеќе домашни и странски меѓународни фестивали (Полска, Јапонија, Бугарија)

Иницијатор за формирање на мултикултурна асоцијација на филмските и ТВ документаристи каде ја извршува и функцијата претседател; основач и претседател на Балканско Евроазиска академија на филмски и ТВ творци.

**Научна активност**

Научната преокупација на м-р Мишо Нетковски опфаќа дијапазон од неколку области за кои истиот станал еден од врвните експерти во Р. Македонија. Пред се, како докажан документарист, многу успешно го споил научното со документарното и пред македонската јавност се етаблирал како еден од ретките познавачи на огромната документарна ризница на македонската телевизија. Треба да се нагласи дека кандидатот Мишо Нетковски е доајен во документарното одделение при МТВ и човек

кој има целосен увид во постојната документарно-историска документација.

Во својата досегашна научна активност на полето на историската наука се има пројавено со неколку статии објавени во научни списанија, зборници на документи, организација на семинари и конференции што претставува потврда за неговиот интерес кон научно-истражувачката работа.

Посебно треба да се истакне неговиот монографски труд *„Документарно-историската збирка при МТВ”* што претставува историско документарен истражувачки приказ за развојот на документарното одделение при МТВ од нејзиното формирање до денес. Кандидатот обработува тема за која досега во македонската историографија нема ниту еден труд кој се однесува на значењето на историско-документарните емисии кои се дел од документациониот фонд на македонската телевизија. Централно место во неговиот труд претставува фондот на историско-документарните емисии при МРТВ.

Во луцидниот вовед авторот на нему својствен начин ги дава мотивите кои го предизвикале да се зафати со истражувањето на оваа тема и што во основа за него претставува документарниот фонд при МРТВ. Притоа се осврнува на досегашните теоретски расправи за улогата на колективната меморија во формирањето на идентитетот (културен, политички, национален, спцијален и сл) како и расправите околу односот меѓу колективната меморија и историјата. Се осврнува и на улогата на новинарите во креирањето на колективната меморија.

Бара одговори на одредени прашања како: дали треба да се памети; што да се памети; дали постојат диригирани паметења и сл. Во својата анализа базирана на повеќе домашни и странски теоретичари кандидатот со право ќе констатира дека „Сигурно, дека секоја заедница, народ, етничка група, има свое паметење, изразено низ разни приказни, митови, легенди и сл. Истите ги памети на начин кој сигурно има одредена функционалност за одредената група. Тоа се сеќавања кои се пренесувале, конструирале од генерација на генерација, од колено на колено, се со цел да се оправда и докаже нешто, кое е значајно за таа заедница, или да се зачува од заборав.”

Се осврнува на појавата на аудио-визуелните средства за масовна комуникација и нивната улога во историското паметење.

Посебно внимание и придава на улогата на средствата за масовна комуникација во историското паметење.

Како човек што доаѓа од телевизискиот медиум, посебно се осврнува на телевизијата и на нејзината моќ и улога во градењето на национално-културниот идентитет. Според него „телевизијата е најдобра во сировото, директно комуницирање помеѓу луѓето што имаат што да кажат и оние што порачуваат... на телевизијата, за разлика од филмот, зборот е повреден од 10.000 слики, што треба да се измонтираат на филмот” и ќе поентира дека „вистинските откритија на телевизијата се: екстроверна личност, премостување на далечините и над сé, непосредноста на настаните – автентичност.” Не може да се оспори улогата на телевизијата во креирањето на колективната меморија каде и да било.

Се осврнува на мешањето на политиката во медиумите. Тој посебно се соврнува на улогата на политиката во МТВ во периодот до 1990 година.

Во таа своја анализа, тој ќе констатира дека и покрај обидите да се биде независен и доследен на научноста, сепак, неможе во целсот да и се верува на одредена ТВ-архивска граѓа. Затоа, неговите зборови „та не случајно оние кои творат во задолжителната идеолошка матрица се нарекуваат ангажирани творци, режимски новинари, а нивните трудови спаѓаат во т.н. насочено или едносмерно, или ангажирано новинарство, кое во крајна линија се смета за „привремена новинарска вистина" односно „новинарско-политичка вистина" и сл. треба да служи како showпоказ какви нетреба да бидат новинарите.

Се осврнува на формирањето и работа на МРТВ. Во своите анализи, тој дава осврт на генезата на појавата на телевизијата во светски рамки, во рамките на Балканот, на просторите на поранешна Југославија и Македонија.

Како историчар-новинар во МТВ, се впушта во анализа на меѓусебната поврзаност на телевизијата и што она денес се именува како oral history или усна историја т. е. документирање на сеќавања од учесници во историските настани и како истите се користат во градењето на колективната меморија на нацијата. Како добар познавач на стојбите во македонската телевизија кој ја имал и привелегијата да соработува со доајените и основоположници на телевизиското јадро, ги пренесува сите проблеми со кои што се соочувала македонската телевизија во однос на екипирањето и подготвувањето на информативно-политичките програми.

Уште во есента 1970 година се започнува со подготовки на информативно-документарни емиси. Во тој контекст се реализирани и првите по обемни програмски содржини на историски теми. Биле снимени документарните емисии за македонските илинденци, народноослободителната борба, а едновремено се започнало и со квалитетно обработување и архивирање на емисиите. Исто така зборува и за неизбежните замешателства на политиката во уредувачката политика во документарните емисии. Но и покрај тоа, во документарната архива на МТВ која што се однесува на историјата на македонскиот народ, се наоѓа огромна архивска документација.

Исто така прави анализа и дава податоци од прва рака за состојбата на ТВ документацијата. Притоа, истакнува дека во документацијата на МТВ се наоѓаат околу 300.000 филски единици (кутии) со снимени емисии од разни жанрови и прилози. Со просечно времетраење од 30 до 90 мин., од кои, само документарни емисии се 6.000. А додека Радио-документацијата располага со околу 10.000 студиски ленти, 4.000 теренски ленти, повеќе илјади плочи и неколку илјади мини дискети и компакт дискови, односно дигитални носачи на звукот. Во овој контекст, авторот се осврнува и на технологијата на производството и целосната изработка на филмска лена од снимање, лабараториска обработка, пост-продукција, финална лабараториска обработка, емитување и чување на филмските и тонските ленти и обработка (документирање) на снимените материјали.

На крајот во својата монографија М. Нетковски со право ќе заклучи дека „архивската (мемоарска) граѓа, со која располага МРТ е од извонредно национално значење иако, секако, одделни аналитичари ќе имаат доста работа во иднина, да одвојат која изјава одговара на вистината, која е преувеличена и сл. Но, доаѓаат нови генерации, со нови погледи и нови мерила на нештата, па заедно со времето ќе бидат нови

оценувачи на одредени настани и личности. Битно е, МРТВ, трано да ги сочува од незаборав, во целост, сите архивско-мемоарски материјали".

Имајќи го предвид горе изнесеното, применетата методологија, научниот пристап, а пред сѐ огромното искуство и големиот број на реализирани историско документарни емисии Комисијата има чест на Наставно-уметничкиот совет на Факултетот за Филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА – Париз-Скопје-Њујорк да му предложи кандидатот Мишо Нетковски да биде избран во звањето наставник по група стручно уметнички предмети.

12. 10. 2010
Скопје

Комисија

Проф. д-р Тодор Чепреганов, редовен професор

__________________________

Проф. Јордан Пановски, вонреден професор

__________________________

м-р Сашо Павловски, доцент

__________________________